СЛУЖБЕН ГЛАСНИК

НА ОПШТИНА ЧЕШИНОВО-ОБЛЕШЕВО

Година 22 број 6	Чешиново-Облешево 27.04.2026 година	Излегува по потреба

Врз основа на член 50 став 1 точка 9 од Законот за локална самоуправа (,,Сл.весник на РМ" бр.5/2002), член 50 став1 точка 5 од Статутот на општина Чешиново-Облешево (,, Сл.гласник на општина Чешиново-Облешево'' бр.6/2015) , член 19-а и член 23 од Законот за јавни претпријатија (,,Сл.весник на РМ" бр.38/96, 6/2002, 40/2003, 49/2006, 22/2007, 83/2009, 97/10, 6/12, 119/13, 41/14, 138/14, 25/15, 61/15, 39/16, 64/18, 35/2019 и ,,Службен Весник на Република Северна Македонија" бр.275/19, 89/22, 274/22, 208/24 и 193/25), Градоначалникот на општина Чешиново-Облешево донесе:

О Д Л У К А

За избор на Директор на ЈПКД ,,Облешево'' с.Облешево, општина Чешиново-Облешево

1. За избор на Директор на ЈПКД ,,Облешево'' Чешиново-Облешево е избран Игор Јанев, дипломиран социолог од с.Облешево, општина Чешиново-Облешево.

2. Мандатот на Директорот трае 4 (четири) години, а ќе се утврди со посебно решение, по конечност на Одлуката за избор.

3. Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето.

О б р а з л о ж е н и е

Согласно член 19-а од Законот за јавните претпријатија, Градоначалникот на општина Чешиново-Облшево донесе Одлука бр.09-676/1 од 26.03.2026 година за распишување на јавен конкурс за избор на Директор на ЈПКД ,,Облешево'' с.Облешево, општина Чешиново-Облешево, бидејќи мандатот на ВД Директорот Игор Јанев именуван со Решение бр.09-2356/1 од 11.11.2025 година, истекува на 11.05.2026 година.

Јавниот оглас е објавен во весниците Вечер, Нова Македонија и Коха на ден 14.04.2026 година. По истекот на рокот за пријавување на кандидати, на објавениот оглас се пријаи само еден кандидат, Игор Јанев од с.Облешево.

Комисијата именувана со Решение бр.04-759/1 од 14.04.2026 година ги разгледа пристигнатите документи, за што се состави Записникот бр. 04-819/1 од 23.04.2026 год и Записник број.04-819/2 од 24.04.2026 год., а истите како комплетни ги достави до Градоначалникот на општината, за да изврши избор.

Имајќи го во педвид сето погоренаведено, а во смисла на член 50 став 1 точка 9 од Законот за локална самоуправа , член 50 став 1 точка 5 од Статутот на општина Чешиново-Облешео, член 19-а и член 23 од Законот за јавни претпријатија, Градоначалникот на општина Чешиново-Облешео донсе Одлука како во диспозитиот.

УПАТСТВО ЗА ПРАВНО СРЕДСТВО: Незадоволната страна од донесената Одлука има право на приговор до Градоначалникот на општината во рок 8 (осум) дена од добивање на истата.

Бр.09-833/1 Општина Чешиново-Облешево
27.04.2026 год. Градоначалник
Облешево Јорданче Костадинов

СОДРЖИНА Стр.

1. **ОДЛУКА** За избор на ЈПКД ,,Облешево'' с.Облешево, општина Чешиново-Облешево.....1
2. **СОДРЖИНА**.....1

ИЗДАВА ОПШТИНА ЧЕШИНОВО-ОБЛЕШЕВО